Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**декември 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

**СОДРЖИНА**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ..... 3**

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 4

Индекси на прометот во индустријата ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 7

Инфлација ..... 8

Берзански цени ..... 9

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ..... 11**

Извоз ..... 11

Увоз ..... 12

Салдо на трговска размена ..... 13

Валутна структура ..... 13

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ..... 14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 14

Расходи по буџетски корисници ..... 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ..... 17**

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 17

Плати ..... 18

Пензии ..... 19

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ..... 20**

Примарни пари ..... 20

Депозитен потенцијал ..... 21

Кредити на банките ..... 22

Каматни стапки на депозитни банки ..... 22

Пазар на капитал ..... 22

Девизни резерви ..... 23

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## декември 2025 година

- Во декември 2025 година, индустриското производство забележа раст од 2,3% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во декември 2025 година, изнесува 4,1% на годишно ниво и истата овој месец забрза умерено споредено со претходниот месец (4,0% во ноември 2025 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи раст од 0,4%;
- Во 2025 година, извозот забележа раст од 2,9%, а увозот раст од 4,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 7,8% споредено со 2024 година;
- Во периодот јануари – декември 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 335.774 милиони денари, што претставува 92,0% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 9,9% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – декември 2025 година изнесува 377.613 милиони денари, што претставува 93,0% од годишниот план, и бележи зголемување за 8,7% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во декември 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 13,0% во споредба со декември 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,1%;
- Просечната исплатена нето-плата во ноември 2025 година, достигна 45.961 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 9,4% и реален раст од 5,2%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 104.181 денар.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Во декември 2025 година, индустриското производство забележа раст од 2,3% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија за 4,5%, додека производството се намали во секторите: Рударство и вадење камен за 6,6%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 3,9%.

Раст на производството во декември 2025 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 46,0% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, во декември 2025 година е забележан раст единствено кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 3,5% со придонес од 0,6 п.п., додека намалување се забележува кај: производството на метали за 16,6% со придонес од -0,6 п.п., производството на машини и уреди за 2,0% со придонес од -0,1 п.п., и производството на електрична опрема за 1,2% со придонес од -0,1 п.п.

Од традиционалните гранки во декември 2025 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на пијалаци за 34,2% со придонес од 1,3 п.п., преработка на дрво и производи од дрво и плута за 62,0% со придонес од 0,6 п.п., производство на прехранбени производи за 3,5%, со придонес од 0,4 п.п., и производство на кожа за 31,4% со придонес од 0,1 п.п., додека намалување се забележува кај гранките: производство на облека за 7,6% со придонес од -0,4 п.п., производство на текстил за 7,3% со придонес од -0,3 п.п., и произвдоство на тутунски производи за 16,7% со придонес од -0,2 п.п.

Во декември 2025 година споредено со декември 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 9,8%, со придонес од 2,9 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 2,4%, со придонес од 0,8 п.п.), додека производството е намалено во групите: Енергија (пад од 3,9%, придонес од -0,3 п.п.), Капитални производи (пад од 0,8%, придонес од -0,2 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 3,8%, придонес од -0,2 п.п.). Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – декември 2025 година е регистриран единствено во групата Интермедијарни производи, освен енергија (за 12,1%), додека намалување се забележува во групите: Капитални производи (за 2,4%), Енергија (за 6,0%), Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 1,2%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 4,2%).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, декември 2025 година)*




1 - Производство на производи од гума и производи од пластични маси
2 - Производство на други неметални минерални производи
3 - Производство на пијалаци
4 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
5 - Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, декември 2025 година)*




1 - Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема
2 - Вадење на руди на метал
3 - Останата производствена индустрија
4 - Производство на метали
5 - Производство на облека

Извор: ДЗС

## Број на работници во индустријата

Во декември 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,8% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 6,0%, Преработувачка индустрија за 2,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,5%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на компјутерски, електронски и оптички производи за 10,7%, производство на тутунски производи за 4,1% и производство на производи од гума и производи од пластични маси за 3,6%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во декември 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи единствено групата Трајни производи за широка потрошувачка, и тоа за 4,0%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – декември 2025 година бележи пад за 3,5%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,8%, Преработувачка индустрија за 3,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,2%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – декември 2025 година е зголемен единствено во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 10,0%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во декември 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,0% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,9%, Преработувачка индустрија за 4,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 7,7% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 6,9%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




Во декември 2025 година во споредба со декември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 7,6%, Интермедијарни производи, освен енергија за 5,1%, Производи за широка потрошувачка за 4,1% и Нетрајни производи за 4,3%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – декември 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,7%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,5%, Преработувачка индустрија за 4,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 12,2% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 5,0%.

Во периодот јануари – декември 2025 во споредба со јануари – декември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 11,4%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,8%, Производи за широка потрошувачка за 5,1% и Нетрајни производи за 5,4%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во декември 2025 година во однос на декември 2024 година бележи раст од 10,3%. Растот се должи на зголемениот промет во Преработувачката индустрија за 10,9%, додека прометот во секторот Рударство и вадење на камен забележува пад од 2,5%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во декември 2025 година во споредба со декември 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи, освен енергија за 9,8%, Капитални производи за 20,2%, и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,7%, додека прометот се намали во групата Трајни производи за широка потрошувачка за 13,2%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во периодот јануари - декември 2025 во споредба со истиот период минатата година се:

- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 35,6%);
- Производство на тутунски производи (раст од 24,6%) и



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

- Производство на производи од гуми и производи од пластични маси (раст од 14,0%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – декември 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи раст од 5,6%, што се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 5,8%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен се намали за 0,4%.

Во периодот јануари - декември 2025 година во споредба со периодот јануари – декември 2024 година прометот во индустрија се зголеми во групите: Интермедијални производи, освен енергија за 3,3%, Капитални производи за 9,5% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 3,3%, додека прометот во групата Трајни производи за широка потрошувачка забележа пад од 3,0%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во декември 2025 година, споредено со претходниот месец се забележува намалување кај одобренијата за градење (304 одобренија за градење во ноември 2025 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 237 што претставува пад од 17,4% во однос на истиот месец од 2024 година. Ваквиот пад се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за високоградба за 20,0% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 59,1%), кај бројот на издадени одобренија за нискоградба за 12,5% и објектите за реконструкција за 14,1%. Пад се забележува кај инвеститорите физички лица и кај инвеститорите деловни субјекти. Доколку се гледа според региони, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во Вардарскиот, Југозападниот и Пелагонискиот регион.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(декември 2025)*




Извор: ДЗС.

Споредено со ноември 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 22,0%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во декември 2025 година е пониска за 19,5% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 26,2%.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 140 (или 59,1%) се наменети за објекти од високоградба, 42 (или 17,7%) за објекти од нискоградба и 55 (или 23,2%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 237 издадени одобренија за градење, на 132 објекти (или 55,7%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 105 објекти (или 44,3%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во декември 2025 година предвидена е изградба на 411 стан со вкупна корисна површина од 38.300м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 46,0% на месечно ниво, а за 41,7% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во ноември 2025 година, изнесува 4.289 милиони денари, што претставува номинален годишен пад од 1,0%, при што пад се забележува кај нискоградбата за 11,2%, додека раст се забележува кај виоградбата за 2,3% и кај специјализираните градежни работи за 250,9%. Споредено со октомври 2025 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи пад од 12,2%, и тоа кај нискоградбата за 14,0%, кај високоградбата за 2,2% и кај специјализираните градежни работи за 23,9%. Кумулативно, во периодот јануари – ноември 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 37.031 милион денари, што е за 17,1% повеќе во споредба со истиот период минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - ноември 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 24.183 милиони денари, односно за 18,8% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај специјализираните градежни работи се зголеми за 157,5% и изнесува 2.667 милиони денари, а кај високоградбата вредноста на извршените работи изнесува 10.181 милион денари, односно за 0,6% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - ноември 2025 година се зголеми за 17,2%, при раст кај нискоградбата (19,0%) и кај специјализираните градежни работи (158,0%), а пад кај високоградбата (0,4%).

## Промет во секторот трговија

Во декември 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 14,7%, по растот од 2,6% во ноември 2025 година. Вредноста на прометот во декември 2025 година изнесува 85.614 милиона денари, додека кумулативно, во периодот јануари - ноември 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 829.261 милион денари, што е за 3,4% повеќе во однос на истиот период минатата година.





Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Кумулативно, во периодот јануари-декември 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 334.725 милиони денари, што е за 4,8% повеќе во споредба со истиот период минатата година, трговија со моторни возила и поправки на мало, чија вредност на прометот изнесува 51.714 милиони денари, односно за 7,1% повеќе во однос на истиот период минатата година, а кај трговија на големо вредноста на прометот за тој период изнесува 442.822 милиона денари, односно е за 1,9% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во декември 2025 година, трговијата на мало бележи раст од 1,2%, по растот од 2,3% ноември 2025 година, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува и кај групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 4,6% и трговија на мало со автомобилски горива за 1,5%, додека намалување бележи единствено групата трговија на мало со непрехранбени продукти за 3,0%.

Во декември 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (56,2%), а потоа следуваат Трговија на мало (36,6%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (7,2%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во декември 2025 година изнесува 4,1% на годишно ниво и истата овој месец забрза умерено споредено со претходниот месец (4,0% во ноември 2025 година). Инфлацијата овој месец во голем дел произлегува од базичната компонента, која бележи забрзување, додека прехранбената компонента регистрира умерено забавување, но истата има голем удел во вкупната инфлација.

Просечната инфлација во 2025 година изнесува 4,1%.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во декември 2025 година регистрираше умерено забрзување споредено со претходниот месец и изнесува 4,7% на годишна основа (4,4% во ноември).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, овој месец се зголемија за 5,3% и истите забележуваат умерено забавување на растот во споредба со претходниот месец (5,4% во ноември), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во декември изнесува 2,1 п.п. и истиот е намален за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец.







Најголем позитивен придонес во растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо (годишен раст од 7,4% и придонес од 0,7 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 6,4% и придонес од 0,5 п.п.), кафе, чај и какао (годишен раст од 30,2% и придонес од 0,4 п.п.), овошје (годишен раст од 16,9% и придонес од 0,3 п.п ) и леб и житарици (годишен раст од 3,3% и

придонес од 0,3 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната овој месец имаше зеленчукот од 0,3 п.п. и тој се намали за 7,2% на годишно ниво.

Гледано по компоненти, раст на цените е регистриран и кај следните категории: Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 6,3%, Рекреација и култура од 6,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,4%, Храна и безлкохолни пијалци од 5,3%, Ресторани и хотели од 4,7%, Разновидни стоки и услуги од 3,2%, Здравствена заштита од 2,9%, Облека и обувки, Комуникации и Транспорт од по 2,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,0%. Цените се намалија во категоријата Образование за 0,3%.

Потрошувачките цени во декември се зголемија за 0,4% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,5%) и притоа најголем придонес има растот на цените во категоријата Транспорт.

Раст на цените е регистриран во категориите: Транспорт од 5,8%, Рекреација и култура од 0,8%, Здравствена заштита од 0,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,5%, Ресторани и хотели од 0,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,2%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Разновидни стоки и услуги од по 0,1%,

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Намалување на цените беше регистрирано во категориите: Храна и безалкохолни пијалаци од 0,4% и Облека и обувки од 0,3%. Цените во категориите Образование и Комуникации останаа непроменети.

Во декември 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната се намали на 2,0%[1] од 2,1% колку што изнесуваше во ноември.

Согласно најновите макроекономски проекции на Европската централна банка, се очекува инфлацијата во еврозоната да изнесува околу 2,1 % во 2025 година, што ја одразува релативната стабилизација на цените и приближување кон таргетот од 2 %. Во 2026 година, проектираната инфлација се намалува на околу 1,9 %, поради умерено слабеење на базичните инфлаторни притисоци, особено кај услугите и храната, како и поради поволните базни ефекти од пониските цени на енергијата. За 2027 година, ЕЦБ очекува инфлацијата да се движи околу 1,8%, пред да се зголеми повторно и да се приближи кон таргетот од 2% во 2028 година, делумно поттикнато од привремените ефекти на мерките поврзани со климатските политики.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

## Берзански цени

Во декември 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 2,3% на месечно ниво и изнесува 62,7 долари за барел. Намалувањето се должи на слабеењето на факторите што ја поттикнаа нагорната корекција, односно смирувањето на

[1] Податокот е процена на Евростат

тензиите на Блискиот Исток т.е конфликтот меѓу Израел и Иран и променливата динамика на понудата и побарувачката. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 15,1%.



Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас (*базичен индекс; стапка на раст во %*)
Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во декември 2025 година, цената на природниот гас[2] се зголеми за 1,2% на месечно ниво. Во декември, цените на гасот во Европа порасна поради зголемената сезонска побарувачка, намаленото производство од обновливи извори, повисоките трошоци за гас и продолжените ризици во снабдувањето и побавното намалување на енергетските цени. Во декември 2025 година, цената на природниот гас се намали за 6,1% на годишно ниво.

Цената на електричната енергија во декември 2025 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 115,88 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 7%. Во ноември цената на електричната енергија се намали за 18,1% на годишно ниво.



Графикон 1.18: Берзански цени на метали (*цени во долари/тон*)
Извор: Светска банка.

Во декември 2025 година, цените на повеќето основните метали на месечно ниво регистрираа зголемување, и тоа: калај за 11,5%, бакар за 9,0%, алуминиум за 2,0% и никел 1,5%. На месечно ниво цената на оловото и цинкот за намали за 2,9% и 0,3%, а цената на железната руда регистрираше раст од 2,1%.

На месечна основа, во декември 2025 година, цената на златото се зголеми за 5,4%. Цената на среброто и платината го следеа нагорниот тренд на месечно ниво и се зголемија за 23,6% и 21,0%.

Во декември, цената на пченката се зголеми за 1,8% на месечно ниво, а цената на пченицата се намали за 0,9%. Цената на сончогледовото масло се намали за 0,6% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија (EUR/MWh) | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |

[2] Natural gas index (2010=100)

| | | | |
|---|---|---|---|
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |
| X | 122,1 | 64,7 | 385,2 |
| XI | 124,4 | 63,6 | 368,7 |
| XII | 115,88 | 62,7 | 335,5 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во 2025 година изнесува 19.553,6 милиони евра и бележи раст од 3,8% во однос на 2024 година.

Во 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,5 п.п. споредено со 2024 година и изнесува 58,9%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во 2025 година изнесува 20,7% и тоа е намалено за 2,1 п.п. во однос на 2024 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во 2025 година изнесува 8.008,2 милиона евра и бележи раст од 2,9% (227,0 милиони евра) во однос на 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,3% во однос на 2024 година.

Вредноста на извезените стоки во декември 2025 година изнесува 612,6 милиони евра и бележи раст од 8,5% (48,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 7,4% споредено со декември 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2025 година извозот бележи пад од 11,2% (77,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 0,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (10,7 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во 2025 година е зголемена за 18,7 милиони евра, што претставува раст од 3,4% во однос на 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 12,8%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната 2025 година изнесува 7,0% и тоа е непроменето во однос на 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (45,3%), жита и преработки од жита (22,0%), млечни производи и јајца (8,6%) и месо и преработки од месо (7,3%).

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во 2025 година изнесува 11.545,4 милиони евра и бележи раст од 4,4% (483,0 милиони евра) во однос на 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 3,6%.

Вредноста на увозот во декември 2025 година изнесува 1.009,0 милиони евра и бележи раст од 7,9% (73,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се намалени за 3,6% споредено со декември 2024 година.

Анализирано на месечно ниво, во декември 2025 година увозот бележи раст од 6,2% (58,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 4,0%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (2,1 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот на храна во 2025 година е зголемена за 65,4 милиони евра, што претставува раст од 6,1% во однос на 2024 година, а количината на увезената храна е зголемена за 2,9%. Во 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,8% и е зголемено за 0,2 п.п. во однос на 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,7%), овошје и зеленчук (15,8%), жита и преработки од жита (13,3%), кафе, чај, какао и зачини (12,1%) и млечни производи и јајца (10,6%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2024 | I-XII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 115,3 | 85,4 | -29,9 | -26,0 |
| Мил. ЕУР | 81,3 | 58,7 | -22,5 | -27,7 |
| Мил.$ | 87,9 | 66,5 | -21,4 | -24,4 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2024 | I-XII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 1.165,8 | 1.146,3 | -19,5 | -1,7 |
| Мил. ЕУР | 805,8 | 708,0 | -97,8 | -12,1 |
| Мил.$ | 872,3 | 800,1 | -72,2 | -8,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2024 | I-XII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 65,6 | 70,9 | 5,3 | 8,1 |
| Мил. ЕУР | 1.815,7 | 1.646,3 | -169,4 | -9,3 |
| Мил.$ | 1.966,6 | 1.858,8 | -107,8 | -5,5 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2024 | I-XII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 32,6 | 34,6 | 2,0 | 6,2 |
| Мил. ЕУР | 174,1 | 179,3 | 5,3 | 3,0 |
| Мил.$ | 188,4 | 202,6 | 14,2 | 7,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2024 | I-XII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 653,9 | 662,6 | 8,7 | 1,3 |
| Мил. ЕУР | 501,4 | 496,4 | -5,1 | -1,0 |
| Мил.$ | 543,4 | 558,2 | 14,7 | 2,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XII-2024 | I-XII-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 T | 687,4 | 809,6 | 122,2 | 17,8 |
| Мил. ЕУР | 472,0 | 496,2 | 24,3 | 5,1 |
| Мил.$ | 510,9 | 559,0 | 48,0 | 9,4 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во декември 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 6,9% односно 25,7 милиони евра споредено со декември 2024 година.

Во 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,8% односно 256,0 милиони евра споредено со 2024 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, храна и пијалаци, и горива и мазива. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во 2025 година, 91,2% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Италија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,7% од трговската размена во 2025 година е реализирана во евра, што во однос на 2024 година претставува намалување за 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 93,2% и 88,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,0 п.п, додека кај увозот е намалена за 0,9 п.п. во однос на 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XII - 2024 | | | | | I - XII - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 6.012,5 | 9.934.927.337 | 61,5319 | 611.314.955.396 | 89,8 | 6.073,5 | 10.261.888.845 | 61,5876 | 632.005.105.404 | 88,9 | 326.961.508 | 3,29 |
| УСД | 603,4 | 1.115.230.582 | 56,8709 | 63.424.166.923 | 9,3 | 777,6 | 1.337.566.542 | 54,6309 | 73.072.464.021 | 10,3 | 222.335.960 | 19,9 |
| ГБП | 2,6 | 23.150.058 | 72,6839 | 1.682.636.485 | 0,2 | 2,1 | 21.664.973 | 71,9098 | 1.557.923.900 | 0,2 | -1.485.084 | -6,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 6.618,6 | | | 676.421.758.803 | 99,1 | 6.853,2 | | | 706.635.493.325 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 6.639,7 | | | 680.709.145.616 | 100,0 | 6.877,2 | | | 711.069.625.008 | 100,0 | | 4,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – декември 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 335.774 милиони денари, што претставува 92,0% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 9,9% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 306.962 милиона денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 96,2% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 8,3% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 190.479 милиони денари (реализација од 95,9% од планираниот износ за 2025 година и раст од 8,2%), додека придонесите се реализирани во износ од 114.889 милиони денари (годишен раст од 8,7%, односно 98,1% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај сите приходи, и тоа по основ на: данок на личен доход за 8,6%, данокот на добивка за 8,5%, данок на додадена вредност за 6,8%, акцизи за 8,4%, увозни давачки за 14,8% и другите даночни приходи за 5,2%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување од 13,7%, капиталните приходи се зголемени за 22,5% и приходите по основ на странски донации за 126,5%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – декември 2025 година, изнесува 377.613 милиони денари, што претставува 93,0% од годишниот план, и бележи зголемување за 8,7% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 349.161 милион денари или 96,4% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 9,5% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,3%, кај расходите за стоки и услуги за 0,5%, и каматните расходи кои се зголемени за 11,6%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 10,1%, водени од растот кај социјалните трансфери за 12,6%, расходите за здравствена заштита се зголемени за 6,1% и блок и наменските дотации за 8,4%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 21,5%. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 28.452 милиона денари (64,6% во однос на планираниот износ).

Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – декември 2025 година

| | Буџет 2025 | Ребаланс 2025 | Реалокација | јануари-декември 2025 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација (во %) |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **362.377** | **364.877** | **335.774** | **9,9%** | **92,0%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **319.196** | **319.196** | **306.962** | **8,3%** | **96,2%** |
| Даноци | 198.607 | 198.607 | 198.607 | 190.479 | **8,2%** | **95,9%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 35.676 | 35.676 | 34.602 | **8,6%** | **97,0%** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Данок на добивка | 23.287 | 23.287 | 23.287 | 21.893 | 8,5% | 94,0% |
| ДДВ | 86.692 | 86.692 | 86.692 | 87.043 | 6,8% | 100,4% |
| Акцизи | 35.388 | 35.388 | 35.388 | 31.104 | 8,4% | 87,9% |
| Увозни давачки | 16.255 | 16.255 | 16.255 | 14.830 | 14,8% | 91,2% |
| Други даночни приходи | 1.309 | 1.309 | 1.309 | 1.007 | 5,2% | 76,9% |
| Придонеси | 117.095 | 117.096 | 117.096 | 114.889 | 8,7% | 98,1% |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **30.608** | **31.108** | **19.238** | **13,7%** | **61,8%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **2.830** | **2.830** | **2.268** | **22,5%** | **80,1%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **9.743** | **11.743** | **7.306** | **126,5%** | **62,2%** |
| | | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **403.728** | **406.228** | **377.613** | **8,7%** | **93,0%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **356.377** | **362.172** | **349.161** | **9,5%** | **96,4%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 49.189 | 49.175 | 48.414 | 10,3% | 98,5% |
| Стоки и услуги | 26.325 | 28.025 | 27.599 | 23.039 | 0,5% | 83,5% |
| Трансфери | 257.721 | 258.546 | 265.441 | 257.835 | 10,1% | 97,1% |
| Социјални трансфери | 191.046 | 193.296 | 197.796 | 191.443 | 12,6% | 96,8% |
| ПИОСМ | 119.995 | 122.515 | 125.515 | 122.735 | 17,0% | 97,8% |
| Агенција за вработување | 3.439 | 3.434 | 3.434 | 3.135 | 18,2% | 91,3% |
| Социјална помош | 15.080 | 14.831 | 14.831 | 14.909 | 1,0% | 100,5% |
| Здравствена заштита | 52.531 | 52.516 | 54.016 | 50.664 | 6,1% | 93,8% |
| Други трансфери | 64.211 | 61.664 | 64.059 | 63.480 | 2,8% | 99,1% |
| Каматни плаќања | 20.845 | 20.617 | 19.957 | 19.873 | 11,6% | 99,6% |
| **Капитални расходи*** | **47.156** | **47.351** | **44.056** | **28.452** | **/** | **64,6%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-41.350** | **-41.350** | **-41.839** | **-0,2%** | **101,2%** |

Извор: Министерство за финансии

*Методологијата на евиденција за прикажување на капиталните расходи е променета во 2025 година и не може да се спореди со износот за капитални расходи за истиот период од 2024 година.

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-декември 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-декември 2025 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – декември 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 41.839 милиони денари, што претставува 4,0% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 101,2% од годишниот план.




## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – декември 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 75.248 милиони денари или 99,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,1%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 53.485 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 19,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 100,0% (14.672 милиона денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 42.878 милиони денари, што е 95,3% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (56,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 24.247 милиони денари или 99,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,9%, за што се потрошени 9.836 милиони денари, односно 99,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – декември 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 15.790 милиони денари, што претставува 95,5% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,7%, за што се потрошени 10.850 милиони денари или 99,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,3%. За таа намена беа реализирани 2.412 милиони денари или 88,2% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 7.030 милиони денари што претставува 87,6% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 92,2% во вкупните расходи, реализирани се 89,4% од планираните средства за цела година, односно 6.481 милион денари.

Во периодот јануари – декември 2025 година, Министерството за одбрана реализира 17.032 милиона денари, што е 83,3% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 37,8%, па за таа намена реализацијата изнесува 6.437 милиони денари (99,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капитални расходи учествуваат со 28,8% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.913 милиони денари, односно 64,4% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – декември 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 4.380 милиони денари, односно 97,1% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 54,6% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 2.393 милиони денари (96,1% од предвидените средства).

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-декември 2025 година)*




Извор: МФ.

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 7.757 милиони денари или 91,3% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,6%, за што се потрошени 4.077 милиони денари или 100,0% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 3.180 милиони денари (87,0% од планираното за годината) и учество од 41,0% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – декември 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 12.394 милиони денари, што е 73,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 91,6% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник 11.356 милиони денари или 73,1% од вкупно планираните средства.

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.759 милиони денари, што претставува 89,9% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (820 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 46,6%, а притоа се реализирани 94,9% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 25,1% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 442 милиона денари или 78,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/)*.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во декември 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 196.276 новозасновани работни односи[3]. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број новоработени лица е зголемен за 2,5%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица *(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

[3] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

Од вкупниот број нововработени, 43,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во декември 2025 година, 12,4% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во декември 2025 година изнесува 132.892, од кои 90.278 лица се активни баратели на работа, а 42.614 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 5,7%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на ноември 2025 година, бројот на невработени е намален за 1.446 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (59,0%) е градско население, а според половата структура 47,5% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,5% е со непотполно средно образование или помалку, 24,3% со завршено средно образование, а 7,3% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,6% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 14,3% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во ноември 2025 година изнесувала 45.961 денари и остварила годишен раст од 9,4%, а во однос на октомври 2025 година таа е непроменета. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на ноември 2024 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (16,5%), Дејности на здравствена и социјална заштита (11,1%) и Трговија на големо и мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (10,9%). Во ноември 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 5,2%. Највисока просечна нето-плата во ноември 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (83.496 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (104.181 денар), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 61.623 денари, секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.350 денари и секторот Рударство и вадење камен со 54.847 денари.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во ноември 2025 година изнесувала 69.141 денар и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 9,5%, а на месечна основа таа е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во ноември 2025 година во однос на ноември 2024 година се забележува во следните сектори: Административни и помошни услужни дејности (16,7%), Дејности на здравствена и социјална заштита (11,3%) и Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (10,8%).

**Графикон 4.5:** Просечна нето-плата по сектори, ноември 2025 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во декември 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 348.093 пензионери. Во јули 2025 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2025 година е предвидено линеарно покачување на сите видови пензии и тоа 1.000 денари оваа есен и 1.000 денари пролетта 2026 година. Ова значи дека во наредните неколку месеци пензиите на сите пензионери ќе пораснат линеарно за дополнителни 2.000 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,9% се корисници на старосна пензија или 250.278 пензионери, 21,2% на семејна пензија или 73.817 пензионери и 6,9% на инвалидска пензија, односно 23.998 пензионери.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во декември 2025 година изнесува 27.151 денар, што покажува дека таа е повисока за 14,2% во однос на истиот месец од 2024 година[4]. Просечната старосна пензија во декември 2025 година изнесува 28.749 денари, просечната инвалидска пензија 24.704 денари, а просечната семејна пензија 22.528 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 9.251 милион денари, што претставува 49,4% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во декември 2025 година со просечната исплатена плата во ноември 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,0%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за декември 2025 година

| Корисници на пензија | број | структура | просечна пензија |
|---|---|---|---|
| старосни | 250.278 | 71,9% | 28.749,00 |
| инвалидски | 23.998 | 6,9% | 24.704,00 |
| семејни | 73.817 | 21,2% | 22.528,00 |
| Вкупно | 348.093 | 100,0% | 27.151,00 |
| **Корисници на миним.** | | | |

[4] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| | | |
|---|---|---|
| **земјоделски пензии** | 29 | 16.952,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 673 | 35.748,00 |
| **Вкупно** | 348.795 | 27.167,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во декември 2025 година, Народната банка воведе нова оперативна монетарна рамка, при што основен инструмент стана 7-дневните благајнички записи со каматна стапка од 4%, наместо претходниот инструмент со рок на доспевање од 7 недели и каматна стапка од 5,35%.




Со новата рамка, банките добија можност да ги пласираат своите вишоци на ликвидност кај Народната банка на седум дена по утврдена каматна стапка, во рамки на јасно дефиниран каматен коридор за краткорочните операции. Ова овозможува појасна насока за движењето на каматните стапки, подобра монетарна трансмисија и придонесува кон одржување на стабилноста на финансискиот систем

### Примарни пари

Во декември 2025 година, примарните пари[5] се зголемија за 5,0% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 4,0% и 6,1%, соодветно.




Во декември 2025 година, примарните пари се зголемија за 8,9% на годишно ниво, што се должи на растот на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 7,0% и 10,8%, соодветно.

[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

## Депозитен потенцијал[6]

Во декември 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 4,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемија за 6,0%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 3,6%.

Од аспект на валутата, во декември 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 6,0% и 2,0%, соодветно.

Во декември 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 10,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 14,1%, а депозитите во странска валута за 4,4%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 6,5% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 12,1%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (декември 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***661.209*** | ***4,4%*** | ***10,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *406.561* | *6,0%* | *14,1%* |
| *Странска валута* | *254.648* | *2,0%* | *4,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *241.535* | *3,4%* | *8,2%* |
| *Долгорочни* | *157.742* | *-0,4%* | *6,7%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***558.612*** | ***3,0%*** | ***13,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *364.222* | *3,7%* | *19,7%* |
| *Странска валута* | *194.390* | *1,6%* | *2,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *85.775* | *8,0%* | *12,9%* |
| *Долгорочни* | *458.717* | *2,3%* | *14,0%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 8,2%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 6,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 61,5%.

[6]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

## Кредити на банките

Во декември 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 3,0% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 5,1% и раст кредитирањето на домаќинствата за 0,9%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 3,7% и 1,6%, соодветно.

На годишна основа, во декември 2025 година вкупните кредити се зголемија за 13,0%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 15,3% и 10,9%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 2,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 14,0%, а краткорочните кредити од 12,9%.

## Каматни стапки на депозитни банки




Во декември 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,76%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 5,12%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,02 п.п. и изнесува 4,15%.

Во декември 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,21%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 2,72%, каматната стапка на девизни депозити исто така се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 1,66%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,40%, а на новоодобрените девизни кредити 3,66%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,62% и 1,93%.

## Пазар на капитал




На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во декември 2025 година се зголеми за 90,1% на месечно ниво, како резултат на растот од прометот од блок трансакциите за 394,6%, додека прометот од класичното тргување се намали за 27,5%.

Вкупниот промет на берзата во декември 2025 година изнесува 1.017 милиони денари, што претставува пад од 55,8% на годишно ниво.

На крајот на декември 2025 година, македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.054,59 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,4%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е намален за 1,4%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на декември 2025 година е 4.928,16 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е зголемен за 1,3%, а во однос на декември 2024 година девизните резерви се намалени за 2,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0